Георгиева С., Белазелкоска З., Накова М., Поповска М., Павловска Е.

СТАРЕЕЊЕТО И НЕГОВОТО ВЛИЈАНИЕ ВРЗ ФИЗИОЛОШКО-ФУНКЦИОНАЛНИТЕ КАРАКТЕРИСТИКИ НА ЈАЗИКОТ

СТОМАТОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ-Скопје, Клиника за болести на устата и пародонтот

Со цел да го испитаме одразот на стареењето како биолошки процес врз анатомо-физиолошките карактеристики на јазикот, беа проследени 50 пациенти на возраст од 50 до 60 години, без субјективни тегоби на јазикот. Предвид беа земени следниве параметри: атрофични измени на јазикот, избразденост и обложеност на јазикот, нарушена перцепција на вкусот, промени во тонусот и во мобилноста на јазикот и нодуларни варикозитети.
Кај сите испитанци беше спроведен микробиолошки наод и направена крвна слика за да се исклучи влијанието на општите и локалните фактори.
Добиените резултати укажуваат на постоење на анатомо-физиолошки промени на јазикот кај нашите испитаници, за кои сметаме дека се должат на сенилните атрофични промени настанати во биолошкиот процес на стареење.

Клучни зборови: јазик; стареење; фактори на стареењето

Процесот на нормално или, уште познат како, ментално стареење е поврзан со серија потесни и кумулативно-инволутивни промени кои го зафаќаат целиот организам.

Старечките промени најчесто ги забележуваме на кожата која станува сува, набрана, истенчена, со појава на темни пигментации и васкуларни невуси. Слични промени се јавуваат и на оралната слузокожа, а особено се манифестни промените во кератинизацијата на гингивата. Изменетата состојба на целиот организам во периодот на староста се одразува и на специјализираната слузокожа на јазикот.

Промените на јазикот кај старите лица може да се последица на самиот процес на стареење, но исто така и на дејството на низа други влијанија од општ и локален карактер.

Според Rennсr (1), сенилните промени на јазикот кај мажите започнуваат во 50-тата година од животот, а кај жените тоа се случува 10 години порано.

Smith (5) истакнува дека јазикот на старите лица е често блед и цијанотичен, а Sawaf (2) дава податок дека две тритини од јазичните папили атрофираат во постари години.

Имајќи го предвид влијанието на староста врз промените на слузокожата на јазикот, од една страна, а од друга страна, неговото значење како седиште на многу патолошки случувања и како извор на дијагностички информации, си поставивме за цел: да го проследиме одразот на стареењето како биолошки процес врз анатомо-морфолошките и физиолошко-функционалните карактеристики на јазикот.

Материјал и метод

За реализирање на поставената цел беа проследени вкупно 50 пациенти на возраст од 50 до 65 години, без субјективни тегоби на јазикот.

Кај сите испитаници клинички е проследена и анализирана севкупната состојба на јазикот, при што предвид се земени следниве параметри:

- присуството на целосна и парцијална атрофија на јазичните папили;
- присуството на избразденост и обложеност на јазикот;
- нарушување на перцепцијата на вкусот;

- промени во тонусот и во мобилноста на јазикот
- присуството на површински варикозитети.

За да го исклучиме влијанието на општите и локалните фактори во настанувањето на проследуваните промени на јазикот, кај сите испитаници беше спроведено МБ испитување и беше направена крвна слика.

Добиените резултати се процентуално пресметани и табеларно прикажани во табелите 1 и 2.

Резултати

Во табела 1 е прикажана процентуалната застапеност на анатомо-морфолошките промени на јазикот настанати како последица на процесот на стареење.

Во групата од 50 стари лица, кои беа клинички прегледани, целосна атрофија на јазичните папили констатиравме кај 6%; 46% имаа парцијална атрофија, и тоа почесто кај жените, а другите 38% беа без промени на јазичните папили.

Табела 2 ја прикажува застапеноста на физиолошко-функционалните промени на јазикот настанати во процесот на стареење.

Од физиолошко-фуинкционалните промени на јазикот констатиравме: дизгеусГзија, и тоа хипогеузија на солено и слатко кај 34%, нодуларни варикозитети кај 26% и кај 4% измени на тонусот и мобилноста на јазикот.

ТАБЕЛА 1. ПРОЦЕНТУАЛНА ЗАСТАПЕНОСТ НА АНТОМО-МОРФОЛОШКИТЕ ПРОМЕНИ НА ЈАЗИКОТ НАСТАНАТИ КАКО ПОСЛЕДИЦА НА ПРОЦЕСОТ НА СТАРЕЕЊЕ

Вид промени	Женски n (%)	Машки n (%)	Вкупно n (%)
Парцијална атрофија	14 (60,9)	9 (39,1	23 (46)
Целосна атрофија	2 (66,6)	1 (33,4)	3 (6)
Lingua plicata	18 (69,2)	8 (30,8)	26 (52)
Обложеност	10 (52,7)	9 (47,3)	19 (38)

ТАБЕЛА 2. ПРОЦЕНТУАЛНА ЗАСТАПЕНОСТ НА ФИЗИОЛОШКО-ФУНКЦИОНАЛНИТЕ ПРОМЕНИ НА ЈАЗИКОТ НАСТАНАТИ КАКО ПОСЛЕДИЦА НА ПРОЦЕСОТ НА СТАРЕЕЊЕ

Вид промени	Женски n (%)	Машки n (%)	Вкупно n (%)
Промени во перцепцијата на вкусот	9 (52,9)	8 (47,1)	17 (34)
Нодуларни варикозитети	5 (38,5	8 (61,5)	13 (24)
Промени во тонусот тонусот и мобилноста на јазикот	1 (50)	1 (50)	2 (4)

Дискусија

Резултатите што ги добивме од нашето испитување се совпаѓаат со наодот на Semba (4), Scott (3) и други, според кои во периодот на староста доаѓа до атрофични промени на јазикот, при што парцијалната атрофија е почесто застапена за разлика од целосната која поретко се сретнува.

Сенилната атрофија на дорзумот на јазикот често се доведува во врска со нарушувања на крикулацијата, со анемија, нарушувања во оксифдационите ензимски системи и со влијанија на други механички и локални иритативни фактори.

Lingua plicata е една од најчестите развојни аномалии на јазикот застапена кај обата пола, која многу почесто ја сретнуваме кај постарите лица, бидејќи со староста доаѓа до продлабочување на браздите.

Литературните податоци говорат дека во нивното настанување учество земаат и некои други дополнителни фактори (авитаминози, хронични глосити и др.).

Кај нашата група испитаници избразденоста на јазикот беше застапена со 52%. Браздите беа варијабилни по број, големина, длабочина и распоред.

Обложеност на јазикот констатиравме кај 38% од испитаниците, а ваквиот наод кај постарите лица го објаснуваме со намаленото лачење плунка, лошата орална хигиена, консумацијата на течна и кашеста храна и влијанието на низа други фактори.

Констатираните промени во перцепцијата на вкусот сметаме дека се должат на нама-

лениот број вкусни зони, поточно густативни телца во циркумвалатните папили, како и на присуството на ксеростомија.

На долната површина на јазикот забележавме нодуларни варикозни проширувања на површинските венски садови со различен интензитет.

Semba (4) смета дека нивната појава пред 50-тата година укажува на преран процес на стареење, а во литературата се опишани и крвавења од варикозните вени на базата на јазикот, најчесто механички испровоцирани. Тие не се значајни по својот карактер, туку пред сé по начинот на кој реагираат пациентите и нивната околина.

Со текот на староста доаѓа до измени во тонусот и мобилноста на јазикот, меѓутоа кај нашите испитаници тонусот и мобилноста на јазикот беа незначително променети.

Имајќи ги предвид изнесените специфичности и проблеми кај постарите лица, сметаме дека тие заслужуваат посебен третман, при што, покрај стручното знаење, потребно е и поголемо внимание, трпеливост и разбирање.

Врз основа на литературните податоци и резултатите од нашето испитувањее може да се заклучи дека во биолошкиот процес на стареење доаѓа до промени на анатомо-морфолошките и физиолошко-фуинкционалните карактеристики на јазикот. Јазикот станува атрофичен, обложен, со продлабочени бразди, а од физиолошко-функционалните промени, присутни се дизгеузија, варикозни промени и незначителни промени во тонусот и мобилноста на јазикот.

И покрај тоа што ваквите промени, пред сé, ги припишуваме на стареењето како биолошки процес, сепак не ја исклучуваме можноста од секундарно влијание на некои локални иритации и општи нарушувања во организмот.

AGING AND ITS INFLUENCE UPON ANATOMO-MORPHOLOGICAL AND PHYSIO-FUNCTIONAL CHARACTERISTICS OF THE TONGUE

Georgieva S., Belazelkoska Z., Nakova M., Popovska M., Pavlovska E.

Summary

With a purpose to examine the effects of aging as a biological process upon anatomo-physiological features of tongue, we examined 50 patients aged from 50 to 60 years, without any subjective tongue related complaints. The following tongue parameters were considered: atrophic changes, disturbed taste perception, changes in the tonus and mobility and nodular varicosities.

For each of the individuals microbial and blood test was performed to exclude eventual general or local factor influence.

Our results point to anatomo-physiological changes of the tongue in the investigated group whith the the assumption to be due of senile atrophic changes resulting from biological process of aging.

Key words: tongue; aging; age factors

Литература

1. RENNER RP et al. Complete dentures: A guide for patient treatment. Masson monographs in dentistry 3, Chicago, 1981, pp284.
2. SAWAF MH et al. Cytokeratin expression in human tongue epithelium. Am J Anat 1990; 189(2): 155-66.
3. SCOTT J et al. A quantitative study of the effects of chronic hypoxia on the histological structure of the rat major salivary glands. Arch Oral Biol 1989; 34(5): 315-9.
4. SEMBA J. A histometrical analysis of age changes in the human lingual artery. Arch Oral Biol 1989; 34(7): 483-9.
5. SMITH KK. Histological demonstration of muscle spindles in the tongue of the rat. Arch Oral Biol 1989; 34(7): 529-34.